Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа - Institucioni Nacional
Центар за култура - Qendra për Kulturë
ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ - TRAJKO PROKOPIEV
Бр. Nr. 04 - 57/28
05. 03 2021 год./vit.
Куманово - Kumanovë

Врз основа на член 77 – ж од Законот за култура (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18), член 21 од Законот за работни односи (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 62/05, 106/18, 114/09, 16/10, 47/11, 39/12, 13/13 до 120/18), член 13 став 2 точка 20 од Статутот на НУ Центарот за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово, Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување на давателите на јавните услуги во Националната установа Центар за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово **Бр. 01 – 648/3** од **14.10.2019** година и Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен огласот од НУ Центар за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово, **Бр. 04 -57/1** од **22.01.2021** година и Записник за извршена административна селекција **Бр. 04-57/15** од **02.03.2021** година и Записник за спроведено интервју **Бр. 04-57/25 од 03.03.2021** година, а во врска со Одлука за објавување јавен оглас **Бр. 04- 57/1** од **18.01.2021** година и оглас **Бр. 04 – 57/1** од **22.01.2021** година, на **05.03.2021** година, се донесува следната:

# ОДЛУКА ЗА ИЗБОР

**За вработување на неопределено време, на 1 (едно) лице, на работно место**

**Сценограф - асистент** со шифра на работно место **КУЛ 03 04 Б02 004,**
**по пат на јавен оглас**

**1.** По Јавниот оглас **Бр. 04 – 57/1** од **22.01.2021** година и спроведена постапка за вработување на 1 (едно) лице, на неопределено време, на работно место - **Сценограф - асистент**, се избира кандидатот:

**- КРСТО БОГОЈЕВСКИ –**

**2**. Врз основа на оваа Одлука, ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат од точка 1 од оваа Одлука ќе се потпише Договор за вработување.

**3**. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на Согласност од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на неопределено време на 1 (едно) лице, на работно место - **Сценограф - асистент, број 18 – 8282/2; 18-8283/2; 18-8285/2 и 18-8286/2 од 22.12.2020 година** година е донесена Одлука за објавување на јавен оглас **Бр. 04- 57/1** од **18.01.2021** година. Врз основа на одлуката објавен е јавен оглас **Бр. 04 – 57/1** од **22.01.2021** година во дневните весници **''Слободен печат''**, **''Нова Македонија''** и **''Коха''**. По огласот, во Архивата на НУ Центарот за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово беше доставена 1 (една) пријава.

Комисијата за вработување формирана со Решение **Бр. 04-57/15** од **01.03.2021** година, изврши административна селекција и проверка на веродостојност на доказите како и изврши интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите на огласот. Комисијата за вработување, по извршената административна селекција и проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто со кандидатите, подготви соодветни Записници и ранг листа и до директорот достави предлог за избор на кандидат, **Број 04- 57/25** од **03.03.2021** година.

Имајќи го предвид горенаведеното, Директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

***Правна поука*****: Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат може да поднесе приговор до Управниот одбор на НУ Центарот за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово, во рок од 8 дена од приемот на истата**.

Доставено до: - до Архива
до: - Кандидатот

НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА
''ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ''
КУМАНОВО
Директор,
Сашо Тодоровски